РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на ден 22.04.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под архивски број 12-717/1 од 09.02.2026 година, во врска со конечен извештај на Државниот завод за ревизија, **СЕ ОТФРЛА**.

Наводите изнесени во пријавата се однесуваат на постапување од надлежност на друг орган – Државниот завод за ревизија.

Предметот заведен под број 12-717/1 од 09.02.2026 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Во Државната комисија за спречување на корупцијата е поднесена пријава заведена под архивски број 12-717/1 од 09.02.2026 година, поднесена од ------- од Скопје, преку претседателот -------, со наводи за постоење на корупција и судир на интереси во Министерството за ------ на Република Северна Македонија.

Во пријавата подносителот наведува дека согласно Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година за Министерството за ------, се утврдени неправилности и незаконски постапувања од страна на одредени раководни лица во Министерството за ------, кои според подносителот предизвикале финансиска штета и непочитување на законските прописи и Колективниот договор.

Во пријавата се наведува и дека поради ваквите постапувања биле поднесени тужби против Министерството за -------, како и кривични пријави до надлежното јавно обвинителство.

Подносителот бара од Државната комисија да ги анализира наодите од ревизорскиот извештај на Државниот завод за ревизија и да утврди постоење на корупција и судир на интереси од страна на одредени раководни лица во Министерството за --------. Постапувајќи по наводите изнесени во пријавата, Државната комисија ги разгледа наводите и приложената документација и утврди дека истите се засноваат на констатации содржани во ревизорски извештај на Државниот завод за ревизија.

Согласно законските надлежности, Државниот завод за ревизија е независен орган кој врши ревизија на користењето на јавните средства и утврдува состојби, неправилности и слабости во системите на финансиско управување и контрола кај субјектите на ревизија, при што ревизорските извештаи содржат наоди и препораки со цел подобрување на работењето на институциите.

Во конкретниот случај, наводите изнесени во пријавата се однесуваат на констатации од ревизорски извештај и наводи за евентуална штета во работењето на институцијата, при што не се наведени конкретни факти и околности кои би упатувале на постоење на корупција или судир на интереси, ниту се наведени конкретни дејствија на службени лица кои би претставувале повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

ДКСК оцени дека наводите во пријавата се однесуваат на ревизорски констатации за утврдени слабости и неправилности во работењето кои состојби Државниот завод за ревизија има законска надлежност самостојно да ги утврдува и да дава препораки за нивно надминување, а согласно член 35 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/2015, 192/2015, 27/2016 и 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021 и 3/2025), доколку овластениот државен ревизор при ревизија оцени дека субјектот на ревизија сторил прекршок или кривично дело е должен веднаш да ги извести надлежните органи.

Државната комисија оцени дека во конкретниот случај нема елементи за надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата